**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2972/2
Датум: 2.9.2009 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 47 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а во врска со член 371 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на предлог од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 4.9.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

за организирање ден-сесија

1. Се организира ден-сесија за предметите од прва година и вонредна ден-сесија за предметите од другите години на додипломските студии според ЕКТС на 14.09.2009 година (понеделник).
2. Студентите имаат право да пријават за полагање само еден предмет.
3. При пријавување на испитот сите студенти плаќаат надоместок во висина од 1.200,00 денари.
4. Резултатите од испитот се објавуваат најдоцна три (3) дена по завршување на испитот.
5. Пријавите од испитот се враќаат на службата за студентски прашања најдоцна до 17.9.2009 година до 14:00 часот.
6. Студентите поднесуваат пријави за ден сесијата на 10.09.2009 год. (четврток).
7. Сите средстава што ќе бидат уплатени како надоместок за ден сесијата ќе се искористат за подобрување на условите за настава на студентите (инсталирање на озвучување во поголемите училници), како и за изработка на информациониот систем на студентската служба на ФЕИТ.
8. Одлуката да се достави до: ННС, WEB страницата на Факултетот, студентска служба, продекан за настава, огласна табла, СС ФЕИТ и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Миле Станковски

Наставно научниот совет на својата седница одржана на 4.9.2009 година едногласно го прифати следниве

**Образложение**

Деканатската управа расправаше по барањето од ССФЕИТ за организирање на дополнителна ден сесија и по опширната расправа во која се изнесоа аргументи за и против организирање на ваква сесија Управата донесе предлог одлука за организирање на дополнителна ден сесија.

Донесувајќи ја предлог-одлуката за организирање на ден сесија Управата го прифати дел од образложениeто содржано во барањето на ССФЕИТ како и ги имаше предвид следните причини за донесување на ваквата одлука:

1. За предметите од прва година се организира дополнителна сесија бидејќи согласно член 371 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј се применуваат актите на Факултетот што важеле во времето кога се запишале студентите доколку се поповолни за нив. Согласно член 97 од Статутот на ФЕИТ кој важел во времето кога се запишала генерацијата 2008/2009 година во прва година им се одобрува дополнителна сесија за предметите од прва година и тоа на 14.09.2009 година.

2. За студентите запишани според ЕКТС се организира дополнителна сесија, бидејќи во учебната 2009/2010 година наставата започнува на 15 септември со што е скратена испитната сесија како и истата е отпочната десетина дена пред вообичаениот рок.

3. Како дополнителни околности кои одат во прилог на ваквата одлука е сеуште недоизградениот ЕКТС кој претрпува промени со донесување на новиот Закон за високото образование, Статутот на УКИМ и Правилникот на ФЕИТ.

Наведените причини се однесуваат само за потребата од организирање на дополнителна ден сесија во септември 2009 година.

Поаѓајќи од погореизнесеното Деканатската управа донесе и

**З А К Л У Ч О К**

Нема да бидат подржани барања за организирање на вакви дополнителни масовни сесии. Во иднина, во еден нормиран систем на студии според ЕКТС од страна на УКИМ, ќе се применуваат важечките акти кои упатуваат на режимот на студирање на целиот универзитет.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Миле Станковски